# З А П И С Н И К

Од првата конститутивна седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, одржана на 14.10.2022 г., во просториите на РЦОР- Гевгелија, со почеток во 17:00 часот.

Присутни: Кристијан Алчинов, Памела Петровска, Атанас Епов, Тијана Ристовска и Георги Петков.

Седницата ја отвори и со неа заседаваше Кристијан Алчинов, како најстар член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. По констатирањето дека се присутни сите членови и има кворум за работа, претседавачот го прочита Предлог-Дневниот ред за работа на седницата:

1. Избор на записничар;
2. Избор на претседател/ка на ЛМС на ОГ;
3. Избор на заменик-претседател/ка на ЛМС на ОГ;
4. Усвојување на Предлог-Деловник за работа на ЛМС на ОГ;
5. Разно.

Претседавачот отвори расправа по дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки по истиот, го стави на гласање. Со 5 гласа за дневниот ред беше едногласно усвоен. По што се премина на работа по првата точка.

По отворената расправа, за записничар на оваа седница се самокандидираше Памела Петровска. Бидејќи немаше други предлози, претседавачот го стави предлогот на јавно гласање и со 4 гласа за записничар на оваа седница беше избрана Памела Петровска.

Пред отворањето расправа по втората точка, на членовите на ЛМС на ОГ им беа доделени примероци од Одлуката за избор на членови на ЛМС на ОГ, бр. 08-1936/1 од 16 септември, 2022 година, донесена од страна на Локалното собрание на млади на ОГ на 3 седница, одржана на 16 септември, 2022 година и Решението за верификација на мандатите на членовите на ЛМС на ОГ, бр.09-2031/1 од 30 септември, 2022 година, донесено од Советот на Општина Гевгелија, на 14 седница, одржана на 30 септември, 2022 година.

По отворената расправа за втората точка, претседавачот даде збор на присутните членови за предлози за претседател на ЛМС на ОГ. Прва за збор се јави Тијана Ристовска, самокандидирајќи се за претседател, образложувајќи ја својата самокандидатура.

По нејзе, за збор се јави и Георги Петков, кој за претседател на ЛМС на ОГ го номинираше Кристијан Алчинов, наведувајќи ги причините за номинацијата. Бидејќи немаше други номинации од страна на членовите, претседавачот ги стави двата предлога за претседател на јавно гласање, за секој предлог поединечно.

По гласањето, претседавачот констатираше дека за Тијана Ристовска гласаа 1 за, 3 воздржани и 0 против. Додека за Кристијан Алчинов, гласаа 4 за, 0 против и 0 воздржани. Со што Кристијан Алчинов беше избран за претседател на ЛМС на ОГ, продолжувајќи да претседава со седницата по третата точка.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

По отворената дискусија, едногласно беше даден и усвоен предлогот со четири гласа за Тијана Ристова да биде заменик-претседателка на ЛМС на ОГ.

Претседавачот премина на работа по точка 4 од дневниот ред- усвојување на Предлог-Деловникот за работа на ЛМС на ОГ. По отворената дискусија, се отвори расправа за додавање на нов член во Предлог-Деловникот, во кој ќе биде нагласен утврдениот процент согласно Законот за младински политики и младинско учество во висина од најмалку 0,1% за Програмата за работа на ЛМС на ОГ за 2023 и да се провери дали е од Основниот или вкупниот Буџет на ОГ за 2023 година. Претседавачот даде заклучок по однос на оваа расправа и истиот го стави на усвојување. Со 5 гласа за беше усвоен заклучокот во делот 5. НАЧИН НА РАБОТА од Предлог-Деловникот за работа да се вметне нов член за Пограмата за работа на ЛМС и нејзиното процентуално финансирање од страна на Општината.

По донесениот заклучок, Предлог-Деловникот беше ставен на усвојување. Со 5 гласа за се усвои Деловникот за работа на ЛМС на ОГ, со заклучок по неговото доработување да се достави на членовите.

Потоа, членовите на ЛМС преминаа на работа по 5 точка. По отворената дискусија, за збор се јави Кристијан Алчинов, кој ја закажа втората седница на ЛМС на ОГ за 22 октомври, 2022 г., со почеток во 17:00 часот, во просториите на РЦОР-Гевгелија, со цел да се изработи Предлог-Програма за работа на ЛМС на ОГ за 2023 година. И на седницата да бидат поканети и присуствуваат и членовите на Локалното собрание на млади на ОГ за да учествуваат со предлози во изработката на Програмата за работа на ЛМС.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот констатираше дека дневниот ред беше исцрпен, затворајќи ја првата конститутивна седница на ЛМС на ОГ.

бр. 08-2109/3
22.10.2022 г.
Гевгелија

Претседател
на Локален младински совет
на ОГ,

**Кристијан Алчинов**
с.р.

Записничар,
**Памела Петровска**
с.р

Членови на ЛМС на ОГ,

1. **Кристијан Алчинов с.р.**
2. **Тијана Ристовска с.р.**
3. **Атанас Епов с.р.**
4. **Памела Петровска с.р.**
5. **Георги Петков с.р.**